# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК

## Општина Гази Баба

30 април 2019 | Излегува по потреба | Година XIV | број 6



Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13 и 12/14), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ ЗА ОТВОРАЊЕ НА ЕДНА ВОСПИТНО - ОБРАЗОВНА ГРУПА НА ДЕЦА НА ВОЗРАСТ ОД 9 - 24 МЕСЕЦИ (ЈАСЛИ), ВО ОБЈЕКТОТ "МОРКОВЧЕ" НА ЈУДГ "25 МАЈ" - ОПШТИНА ГАЗИ БАБА - СКОПЈЕ**

1. Се објавува Одлуката за давање согласност за отворање на една воспитно - образовна група на деца на возраст од 9 - 24 месеци (јасли), во објектот "Морковче" на ЈУДГ "25 Мај" - Општина Гази Баба - Скопје, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на ден 24.04.2019 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08-1882/1**
**од 30.04.2019 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Борис Георгиевски, с.р.**

Врз основа на член 36 став (1) точка 15 и член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), член 64 од Законот за заштита на децата ("Службен весник на РМ" бр.23/13, 22/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 163/17, 21/18 и 198/18) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06 и 12/13), постапувајќи по барањето на ЈУДГ "25 Мај" - Општина Гази Баба - Скопје, бр.08-1819/1 од 22.04.2019 година, Советот на Општина Гази Баба на Дваесет и третата седница одржана на ден 24.04.2019 година, донесе

**О Д Л У К А**

**ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ ЗА ОТВОРАЊЕ НА ЕДНА ВОСПИТНО - ОБРАЗОВНА ГРУПА НА ДЕЦА НА ВОЗРАСТ ОД 9 - 24 МЕСЕЦИ (ЈАСЛИ), ВО ОБЈЕКТОТ "МОРКОВЧЕ" НА ЈУДГ "25 МАЈ" - ОПШТИНА ГАЗИ БАБА - СКОПЈЕ**

**Член 1**

Советот на Општина Гази Баба дава согласност за отворање на една воспитно - образовна група на деца на возраст од 9 - 24 месеци (јасли), во објектот "Морковче" на ЈУДГ "25 Мај" - Општина Гази Баба - Скопје, врз основа на барање бр.08-1819/1 од 22.04.2019 година.

**Член 2**

Одлуката да се достави до управниот одбор на ЈУДГ "25 Мај" - Општина Гази Баба - Скопје.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 09-1748/3**
**од 24.04.2019 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Тони Бојковски, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13 и 12/14), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ТРИМЕСЕЧНИОТ ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТА И РЕЗУЛТАТИТЕ ОД РАБОТЕЊЕТО НА ЈКП "ГАЗИ БАБА - 2007" - СКОПЈЕ, ЗА ПРВОТО ТРИМЕСЕЧЈЕ ОД 2019 ГОДИНА**

1. Се објавува Одлуката за давање согласност на Одлуката за усвојување на тримесечниот финансиски извештај за работа и резултатите од работењето на ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје, за првото тримесечје од 2019 година, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на ден 24.04.2019 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08-1882/2**
**од 30.04.2019 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Борис Георгиевски, с.р.**

Врз основа на член 11 став (1) точка 7 од Законот за јавните претпријатија ("Службен весник на РМ" бр.38/96, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18 и 35/19), член 36 став (1) точка 9 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06 и 12/13), расправајќи по Одлуката за усвојување на тримесечниот финансиски извештај за работа и резултатите од работењето на ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје, за првото тримесечје од 2019 година, бр.02-74/3 од 09.04.2019 година, Советот на Општина Гази Баба на Давесет и третата седница одржана на ден 24.04.2019 година, донесе

## О Д Л У К А

## ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ТРИМЕСЕЧНИОТ ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТА И РЕЗУЛТАТИТЕ ОД РАБОТЕЊЕТО НА ЈКП ''ГАЗИ БАБА - 2007'' - СКОПЈЕ, ЗА ПРВОТО ТРИМЕСЕЧЈЕ ОД 2019 ГОДИНА

### Член 1

Советот на Општина Гази Баба дава согласност на Одлуката за усвојување на тримесечниот финансиски извештај за работа и резултатите од работењето на ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје, за првото тримесечје од 2019 година, бр.02-74/3 од 09.04.2019 година, донесена од управниот одбор.

### Член 2

Одлуката да се достави до ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје.

### Член 3

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 09-1748/4**
**од 24.04.2019 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Тони Бојковски, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13 и 12/14), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА БУЏЕТСКИ КАЛЕНДАР ЗА ИЗГОТВУВАЊЕ НА БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА 2020 ГОДИНА**

1. Се објавува Буџетскиот календар за изготвување на Буџетот на Општина Гази Баба за 2020 година, што Советот на Општина Гази Баба го донесе на седницата одржана на ден 24.04.2019 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08-1882/3**
**од 30.04.2019 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Борис Георгиевски, с.р.**

Врз основа на член 27 став (4) и став (5) од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.61/04, 96/04, 22/07, 156/09, 47/11, 192/15 и 209/18), член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06 и 12/13), Советот на Општина Гази Баба на Дваесет и третата седница одржана на ден 24.04.2019 година, донесе

## Б У Џ Е Т С К И  К А Л Е Н Д А Р

## ЗА ИЗГОТВУВАЊЕ НА БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА 2020 ГОДИНА

### Член 1

Советот на Општина Гази Баба донесе Буџетски календар за изготвување на Буџетот на Општина Гази Баба за 2020 година.

### Член 2

Со Буџетскиот календар на Општина Гази Баба се пропишува постапката и се утврдуваат роковите за планирање на активностите на општината за изготвување на Буџетот на Општина Гази Баба за 2020 година и се утврдуваат роковите во кои градоначалникот до општинските буџетски корисници ги доставува главните насоки за изготвување на финансиските планови кои општинските буџетски корисници ги доставуваат до Градоначалникот.

Со Буџетскиот календар се утврдуваат постапките и роковите во кои секторите треба да ги изготват поединечните Предлог-Планови на Програми за развој на општината за период 2020-2022 година, Предлог-Програмите за извршување на одделни активности во општината за 2020 година и Трошковниците за одделни расходи во 2020 година, како и процедурите и роковите во кои Градоначалникот го доставува Предлог-Буџетот до Советот на општината.

| МОЖЕН РОК | БУЏЕТСКИ АКТИВНОСТИ |
|---|---|
| 01.04-30.04.2019 година | 1.Совет на Општина Гази Баба го донесува Буџетскиот календар за изготвува  е на Буџетот за 2020 година. |
| 01.05-30.06.2019 година | 1.Известува е од секторот за финансиски праша а до раководителите на секторите, раководителите на одделенијата и до одговорните лица за одредени активности за изготвува  е на Предлог-План на Програми за развој на општината за период 2020-2022 година, за изготвува е Предлог-Програми за извршува  е на одделни активности во општината за 2020 година и за изготвува  е на Трошковници за реализира  е на активностите за 2020 година. |
| | 2.Секторот за финансиски праша  а доставува известува  е до општинските буџетски корисници со главните насоки за изготвува  е на финансиски планови за 2020 година. |

| | |
|---|---|
| 01.07-31.08.2019 година | 1.Изготвените Предлог-План на Програмите за развој на општината за период 2020-2022 година и Предлог-Програми за извршува е на одделни активности во општината за 2020 година со проценка на трошоците за буџетската 2020 година и Трошковниците за реализира е на активностите за 2020 година, раководителите на секторите, раководителите на одделенијата и одговорните лица за одредени активности ги доставуваат до секторот за финансиски праша а. |
| | 2.Општинските буџетски корисници ги доставуваат финансиски планови за 2020 година до секторот за финансиски праша а. |
| 01.09-30.09.2019 година | 1.Предлог-Планот на Програми за развој на општината за периодот 2020-2022 година,Предлог-Програмите за извршува е на одделни активности во општината и финансиски планови на општинските буџетски корисници за 2020 година и Трошковниците за реализира е на активностите за 2020 година се анализираат, се усогласуваат од страна на секторот за финансиски праша а и се поднесуваат до Градоначалникот. |
| | 2.Секторот за финансиски праша а изготвува и предлага Трошковен план за 2020 година. |
| | 3.Секторот за финансиски праша а изготвува и предлага План за приходи за 2020 година. |
| 01.10-31.10.2019 година | Градоначалникот предложените Предлог-План на Програми за развој на општината за периодот 2020-2022 година, Предлог-Програми за извршува е на одделни активности во општината за 2020 година и Предлог-Буџетот за 2020 година ги разгледува, ги анализира и ги усогласува со раководителите на секторите, раководителите на одделенијата и со одговорните лица за одредени активности, ги одобрува и ги доставува до Советот на општината. |
| 01.11-15.11.2019 година | 1.Седница на Советот на општината на која се усвојуват Предлог-Планот на Програми за развој на општината за периодот 2020-2022 година и Предлог-Програми за извршува е на одделни активности во општината за 2020 година и Предлог-Буџетот за 2020 година и се дава достапност на јавноста со објавува е на нивната содржина. |
| | 2.Се одржуваат јавни расправи. |
| 16.11-30.11.2019 година | Се изготвува конечен Предлог-Буџет за 2020 година од страна на секторот за финансиски праша а и се доставува до Градоначалникот. |
| 01.12-10.12.2019 година | Градоначалникот го разгледува и го одобрува конечниот Предлог-Буџет за 2020 година и го доставува до Советот на општината. |
| 11.12-20.12.2019 година | Седница на Советот на општината за донесува е на Буџетот за 2020 година. |
| 01.01.2020 година | Започнува новата буџетска година. |

**Член 3**

Овој Буџетски календар влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 09-1748/5**
**од 24.04.2019 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Тони Бојковски, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13 и 12/14), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

## Р Е Ш Е Н И Е

## ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА АКЦИОНЕН ПЛАН ЗА ЕНЕРГЕТСКА ЕФИКАСНОСТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА 2019 ГОДИНА

1. Се објавува Акциониот План за енергетска ефикасност на Општина Гази Баба за 2019 година, што Советот на Општина Гази Баба го донесе на седницата одржана на ден 24.04.2019 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08-1882/4**
**од 30.04.2019 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Борис Георгиевски, с.р.**

Врз основа на член 132 став (3) од Законот за енергетика ("Службен весник на РМ" бр.16/11, 136/11, 79/13, 164/13, 41/14, 151/14, 33/15, 215/15, 6/16 и 53/16), член 36 став (1) точка 15 и член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06 и 12/13), а во врска со Програмата за енергетска ефикасност на Општина Гази Баба за период 2019 - 2021 година ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.3/19), Советот на Општина Гази Баба на Дваесет и третата седница одржана на ден 24.04.2019 година, донесе

## А К Ц И О Н Е Н  П Л А Н

## ЗА ЕНЕРГЕТСКА ЕФИКАСНОСТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА 2019 ГОДИНА

1. Се донесува Акционен План за енергетска ефикасност на Општина Гази Баба за 2019 година.

2. Акциониот План за енергетска ефикасност на Општина Гази Баба за 2019 година е усогласен со:

- Стратегија за унапредување на енергетска ефикасност во Република Македонија до 2020 година ("Службен весник на РМ" бр.143/10).

3. Акциониот План за енергетска ефикасност на Општина Гази Баба за 2019 година во интегрална форма е даден во прилог.

4. Овој план влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 09-1748/6**
**од 24.04.2019 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Тони Бојковски, с.р.**

# АКЦИОНЕН ПЛАН ЗА ЕНЕРГЕТСКА ЕФИКАСНОСТ

## Општина Гази Баба

***За 2019 година***

*Лого на општината*

*Акционен план за ЕЕ на Општина Гази Баба за 2019 година*

| Лица одговорни за развојот на А ционот Пла |
|---|
| Лица одговорни за развојот на А ционот Пла |
| Име: Сашо Трајков и Ружица Блажевска |
| Позиција: Раководител / Советник во ЛЕР и ИКР |
| Мобилен телефон: 075 226 385; 072 205 945 |
| Пот ис: |
| Датум: 26.03.2019 год. |

| Одобрение на А ционот План |
|---|
| Име: |
| Позиција: |
| Пот ис: |
| Датум: |

**Напомена: Овој Образец е изработен а о технич а помош на општините во Републи а Ма едонија во поглед на енергетс ата ефи асност, а со цел употреба ис лучиво од страна на општинс ите служби при изготувањето на општинс ата Програма за Енергетс а Ефи асност.**

**Деловите од Образецот означени со итали <*пример*>, се насо и за пополнување на до ументот и истите се бришат по омплетирањето на Програмата.**

## КРАТЕНКИ

| | |
|---|---|
| ЕЕ | Енергетска Ефикасност |
| АПЕЕ | Акционен План за Енергетска Ефикасност |
| ПЕЕ | Програма за Енергетска ефикасност |
| ЕЛС | Единица на локална самоу рава |
| ОЕ | Обновлива Енергија |
| toe | Тони на масло еквивалент |

*Акционен план за ЕЕ на Општина Гази Баба за 2019 година*

**СОДРЖИНА**

1 РЕЗИМЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ЕНЕРГЕТСКА ЕФИКАСНОСТ ЗА ПЕРИОДОТ ОД 2019 - 2021 ГОДИНА ....6
2 ЕЕ ПРОЕКТИ КОИ СЕ ВКЛУЧЕНИ ВО АКЦИОНИОТ ПЛАН ....10
3 ЦЕЛИ КОИ ТРЕБА ДА СЕ ПОСТИГНАТ СО ПРИМЕНАТА НА МЕРКИТЕ НА ЕНЕРГЕТСКА ЕФИКАСНОСТ ....11
4 ФИНАНСИСКИ ИЗВОРИ ЗА ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА АКЦИОНИОТ ПЛАН....12
5 ВРЕМЕНСКА РАМКА ЗА ИМПЛЕМЕНТИРАЊЕ НА ПРОЕКТИТЕ ЗА ЕНЕРГЕТСКА ЕФИКАСНОСТ И ОДГОВОРНИ СТРАНИ....1
6 СЛЕДЕЊЕ И МОНИТОРИНГ НА ИМПЛЕМЕНТАЦИЈАТА НА ПРОГРАМАТА ЗА ЕНЕРГЕТСКА ЕФИКАСНОСТ ....2
6.1 Редовен мониторинг на Програмата за енергетс а ефи асност и напредо от на а тивностите а о и оценување на нивното влијание....2
6.2 Периодични извештаи за резултатите до политич ите власти ....3
6.3 Периодични надградби на ПЕЕ во согласност со забелеш ите и добиените резултати 4
ПРИЛОГ ....ERROR! BOOKMARK NOT DEFINED.

## ЛИСТА НА ТАБЕЛИ

Табела 1: Листа на ЕЕ роекти избрани за ПЕЕ........................................................................................ 6
Табела 2: С роведување на роекти за Енергетска ефикасност вклучени во тригодишната ПЕЕ......... 7
Табела 3: Листа на избрани роекти за ЕЕ за Акциониот План............................................................... 10
Табела 4: Годишни заштеди на енергија.................................................................................................. 11
Табела 5: Националните индикативни цели за заштеда на енергија во ktoe ........................................ 11
Табела 6: Извори на финансирање и буџети........................................................................................... 12
Табела 7: Им лементација на ЕЕ роекти вклучени во Акциониот План ................................................ 1
Табела 8: Информации за им лементирањето на рограмата од ретходната година.......................... 3

*Акционен план за ЕЕ на Општина Гази Баба за 2019 година*

## РЕЗИМЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ЕЕ ЗА ПЕРИОДОТ 2019 2021 ГОДИНА

Во согласност со Законот за енергетика,, единицата на локалната самоу рава ја им лементира својата тригодишна Програма за енергетска ефикасност (ПЕЕ) реку годишен Акционен План (АП) за Енергетска ефикасност.

Акциониот План за Енергетска Ефикасност на О штина Гази Баба ги дефинира риоритетните роекти кои ќе се с роведат во текот на годината 2019 со кои се дефинира тригодишната Програма за Енергетска Ефикасност (ПЕЕ) од 2019 до 2021, во согласност со Законот за енергетика.

**Табела 1: Листа на ЕЕ прое ти избрани за ПЕЕ**

| Сектор | Проект за Енергетска ефикасност | Првичен ( релиминарен) трошок (МКД) | Потенцијал на енергетски заштеди (kWh) | Потенцијал на енергетски заштеди (ЕУР) | Намалување на емисиите на $CO_2$ ($tCO_2$) | Период на ис лата (години) | Брзина на им лементација (месеци) |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Образование | Поставување на то линска изолација на ѕид (5 објекти) | 12.838.871,00 | 236.094,00 | 15.355,00 | 61.81 | 13.62 | 9 месеци |
| Образование | Поставување на то линска изолација на ѕид (7 објекти) | 4.818.224,00 | 124.056,00 | 8.113,80 | 32.36 | 9.67 | 4 месеци |
| Образование | Замена на розорци и врати (3 објекти) | 7.153.180,00 | 132.932,00 | 8.874,00 | 34.43 | 13.13 | 9 месеци |
| Образование | Поставување на термостатски вентили (сите објекти) | 1.488.000,00 | 76.807,00 | 4.725,00 | 19.1 | 5.12 | 6 месеци |
| Образование | Замена на розорци и врати (6 објекти | 1.410.500,00 | 142.761,00 | 8.840,00 | 38.22 | 22.47 | 4 месеци |
| Образование | Модернизација на осветлувањето | 1.410.500,00 | 100.904,00 | 11.915,00 | 92 | 1.93 | 9 месеци |

**Табела 2: Спроведување на ЕЕ прое ти в лучени во тригодишната ПЕЕ**

| Број | Прое ти за Енергетс а ефи асност | Опис | Извор на финансирање | Период на имплементација | Одговорно лице | Пристап на имплементирање (јавни набав и, ро ови, а тивности, соработ а и слично) |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | ОУ Петар Петровиќ Његош | Поставување на то линска изолација на ѕид (5 објекти) | ОГБ | 9 месеци | Директор | Јавни набавки, Изработка на роект и Изведба |
| 2. | ОУ Стив Наумов | Поставување на то линска изолација на ѕид(5 објекти) | ОГБ | 9 месеци | Директор | Јавни набавки, Изработка на роект и Изведба |
| 3. | ОУ Крум Тошев | Поставување на то линска изолација на ѕид(5 објекти) | ОГБ | 9 месеци | Директор | Јавни набавки, Изработка на роект и Изведба |
| 4. | ОУ Наум Наумовски - Борче | Поставување на то линска изолација на ѕид(5 објекти) | ОГБ | 9 месеци | Директор | Јавни набавки, Изработка на роект и Изведба |
| 5. | ОУ Наум Охридски | Поставување на то линска изолација на ѕид(5 објекти) | ОГБ | 9 месеци | Директор | Јавни набавки, Изработка на роект и Изведба |
| 6. | ЈУОДГ Детска Радост, матичен објект Мимоза | Поставување на то линска изолација на ѕид (7 објекти | ОГБ | 4 месеци | Директор | Јавни набавки, Изработка на роект и Изведба |
| 7. | ЈУОДГ Детска Радост, клон Темјанушка | Поставување на то линска изолација на ѕид (7 објекти | ОГБ | 4 месеци | Директор | Јавни набавки, Изработка на роект и Изведба |
| 8. | ЈУОДГ Детска Радост, клон Калинка | Поставување на то линска изолација на ѕид (7 објекти | ОГБ | 4 месеци | Директор | Јавни набавки, Изработка на роект и Изведба |
| 9. | ЈУОДГ 25 ти Мај, клон Пони | Поставување на то линска изолација на ѕид (7 објекти | ОГБ | 4 месеци | Директор | Јавни набавки, Изработка на роект и Изведба |
| 10. | ЈУОДГ 25 ти Мај, клон Детелинка | Поставување на то линска изолација на ѕид (7 објекти | ОГБ | 4 месеци | Директор | Јавни набавки, Изработка на роект и Изведба |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 11. | ЈУОДГ 25 ти Мај, клон Искра | Поставување на то линска изолација на sид (7 објекти | ОГБ | 4 месеци | Директор | Јавни набавки, Изработка на роект и Изведба |
| 12. | ЈКП Гази Баба 2007 | Поставување на то линска изолација на sид (7 објекти | ОГБ | 4 месеци | Директор | Јавни набавки, Изработка на роект и Изведба |
| 13. | ЈУОДГ Детска Радост, матичен објект Мимоза | Замена на розорци и врати (3 објекти) | ОГБ | 9 месеци | Директор | Јавни набавки, Изработка на роект и Изведба |
| 14. | ОУ Наум Наумовски - Борче | Замена на розорци и врати (3 објекти) | ОГБ | 9 месеци | Директор | Јавни набавки, Изработка на роект и Изведба |
| 15. | ЈУОДГ Детска Радост, матичен објект Темјанушка | Замена на розорци и врати (3 објекти) | ОГБ | 9 месеци | Директор | Јавни набавки, Изработка на роект и Изведба |
| 16. | ЈУОДГ Детска Радост, клон Сончоглед | Замена на розорци и врати (6 објекти) | ОГБ | 4 месеци | Директор | Јавни набавки, Изработка на роект и Изведба |
| 17. | ЈУОДГ Детска Радост, клон Калинка | Замена на розорци и врати (6 објекти) | ОГБ | 4 месеци | Директор | Јавни набавки, Изработка на роект и Изведба |
| 18. | ЈУОДГ 25 ти Мај, матичен објект Сонце | Замена на розорци и врати (6 објекти) | ОГБ | 4 месеци | Директор | Јавни набавки, Изработка на роект и Изведба |
| 19. | ЈУОДГ 25 ти Мај, клон Пони | Замена на розорци и врати (6 објекти) | ОГБ | 4 месеци | Директор | Јавни набавки, Изработка на роект и Изведба |
| 20. | ЈУОДГ 25 ти Мај, клон Синоличка | Замена на розорци и врати (6 објекти) | ОГБ | 4 месеци | Директор | Јавни набавки, Изработка на роект и Изведба |
| 21. | ЈКП Гази Баба 2007 | Замена на розорци и врати (6 објекти) | ОГБ | 4 месеци | Директор | Јавни набавки, Изработка на роект и Изведба |
| 22. | ОУ Стив Наумов | Модернизација на осветлувањето | ОГБ | 9 месеци | Директор | Јавни набавки, Изработка на роект и Изведба |
| 23. | ОУ Крум Тошев | Модернизација на осветлувањето | ОГБ | 9 месеци | Директор | Јавни набавки, Изработка на роект и Изведба |

*Акционен план за ЕЕ на Општина Гази Баба за 2019 година*

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 24. | ПОУ Кирил и Методиј, с. Страчинци | Модернизација на осветлувањето | ОГБ | 9 месеци | Директор | Јавни набавки, Изработка на роект и Изведба |
| 25. | ОУ Дане Кра чев | Модернизација на осветлувањето | ОГБ | 9 месеци | Директор | Јавни набавки, Изработка на роект и Изведба |
| 26. | ОУ 25 ти Мај | Модернизација на осветлувањето | ОГБ | 9 месеци | Директор | Јавни набавки, Изработка на роект и Изведба |
| 27. | ПОУ 25 ти Мај с. Сингелиќ | Модернизација на осветлувањето | ОГБ | 9 месеци | Директор | Јавни набавки, Изработка на роект и Изведба |
| 28. | ОУ Наум Охридски | Модернизација на осветлувањето | ОГБ | 9 месеци | Директор | Јавни набавки, Изработка на роект и Изведба |
| 29. | ПОУ Наум Охридски, с. Црешево | Модернизација на осветлувањето | ОГБ | 9 месеци | Директор | Јавни набавки, Изработка на роект и Изведба |
| 30. | ЈУОДГ Детска Радост, клон Сончоглед | Модернизација на осветлувањето | ОГБ | 9 месеци | Директор | Јавни набавки, Изработка на роект и Изведба |
| 31. | ЈУОДГ Детска Радост, клон Калинка | Модернизација на осветлувањето | ОГБ | 9 месеци | Директор | Јавни набавки, Изработка на роект и Изведба |
| 32. | ЈУОДГ 25 ти Мај, матичен објект Сонце | Модернизација на осветлувањето | ОГБ | 9 месеци | Директор | Јавни набавки, Изработка на роект и Изведба |
| 33. | ЈУОДГ 25 ти Мај, клон Пони | Модернизација на осветлувањето | ОГБ | 9 месеци | Директор | Јавни набавки, Изработка на роект и Изведба |
| 34. | ЈУОДГ 25 ти Мај, клон Детелинка | Модернизација на осветлувањето | ОГБ | 9 месеци | Директор | Јавни набавки, Изработка на роект и Изведба |
| 35. | ЈУОДГ 25 ти Мај, клон Синоличка | Модернизација на осветлувањето | ОГБ | 9 месеци | Директор | Јавни набавки, Изработка на роект и Изведба |
| 36. | ЈУОДГ 25 ти Мај, клон Искра | Модернизација на осветлувањето | ОГБ | 9 месеци | Директор | Јавни набавки, Изработка на роект и Изведба |

*Акционен план за ЕЕ на Општина Гази Баба за 2019 година*

## 1 ЕЕ ПРОЕКТИ КОИ СЕ ВКЛУЧЕНИ ВО АКЦИОНИОТ ПЛАН

**Табела 3: Листа на избрани ЕЕ прое ти за А ционот План**

| Сектор | Проект за Енергетска ефикасност | Првичен ( релиминарен) трошок (МКД) | Потенцијал на енергетски заштеди (kWh) | Потенцијал на енергетски заштеди (МКД) | Намалување на емисиите на $CO_2$ ($tCO_2$ / г.) | Период на ис лата (години) | Брзина на им лементација (години) |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Образование | Поставување на то линска изолација на ѕид ОУ Петар Петровиќ Његош | 2.830.320 | 58.069,00 | 203.822,00 | 15.50 | 13.89 | 9 месеци |
| Образование | Поставување на то линска изолација на ѕид ОУ Стив Наумов | 3.718.400,00 | 75.400,00 | 325.145,00 | 19.54 | 11.44 | 9 месеци |
| Образование | Поставување на то линска изолација на ѕид ОУ Крум Тошев | 1.326.450,00 | 13.360,00 | 45.290,00 | 3.57 | 29.9 | 9 месеци |
| Образование | Поставување на то линска изолација на ѕид ОУ Наум Наумовски - Борче | 3.915.594,00 | 77.271,00 | 326.856,00. | 20.01 | 11.89 | 9 месеци |
| Образование | Поставување на то линска изолација на ѕид ОУ Наум Охридски | 1.048.107,00 | 11.954,00 | 41.719,00 | 3.19 | 24.12 | 9 месеци |

*Акционен план за ЕЕ на Општина Гази Баба за 2019 година*

## ЦЕЛИ КОИ ТРЕБА ДА СЕ ПОСТИГНАТ СО ПРИМЕНАТА НА МЕРКИТЕ НА ЕНЕРГЕТСКА ЕФИКАСНОСТ ЗА 2019 ГОДИНА

**Табела 4: Годишни заштеди на енергија**

| Прое т број | Прое т за ЕЕ | В упна потрошувач а на енергија пред мер ите за ЕЕ (kWh/a) | В упна потрошувач а на енергија после мер ите за ЕЕ (kWh/a) | Оче увана в упна заштеда на енергија | | В упна заштеда на енергија (%) |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | (kWh/a) | (ktoe*/a) | |
| **Се тор - Градежни обје ти ОУ, Поставување на топлинс а изолација на ѕид** | | | | | | |
| 1 | Поставување на то линска изолација на ѕид | 1.458.901,00 | 1.222.807,00 | 236.094,00 | 0,02 ktoe | 16% |
| **Се тор** | | | | | | |
| 1 | | | | | | |
| 2 | | | | | | |
| Сектор за објекти-о штински згради | | | | | | |
| 1 | | | | | | |

* 1 toe = 41.868 GJ = 11630 kWh

*<Да се додадат редови доколку е потребно и да се наведат секторите избрани како приоритетни.>*

**Табела 5: Националните инди ативни цели за заштеда на енергија во ktoe**

| Националните годишно инди ативни цели за заштеда на енергија во 2019та година (ktoe) | 147.2 |
|---|---|
| **Се тор** | **Предвидена годишна заштеда на енергија на рајот на 2019та година** |
| Станбен сектор | 40.51 |
| Комерцијален сектор и комуналии | 24.19 |
| Сектор за индустрија | 90.45 |
| Сектор за транс орт | 44.63 |
| Вку но редвидени енергетски заштеди | 199.78 |

*<Да се додадат редови доколку е потребно.>*

## ФИНАНСИСКИ ИЗВОРИ ЗА ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА АКЦИОНИОТ ПЛАН

Вку ниот роценет буџет за с роведување на годишниот Акционен План (АП) за годината 2019 изнесува 128.388,71 МКД . Табела 6 дава риказ на изворите на финансирање и буџетот на индивидуален извор.

**Табела 6: Извори на финансирање и буџети**

| Листа на риоритетни роекти | | | Извори на финансирање | | | | Останати можности на финансирање | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Име на роектот | Период на ис лата[1] години | Износ на инвестиција МКД милион | Рас оложливо основно финансирање МКД | Програми за грантови МКД | Заеми МКД | ЈПП МКД | Основно финансирање | Програми за грантови | Заеми |
| **ВКУПНИ СРЕДСТВА НА РАСПОЛАГАЊЕ:** | | | | | | | | | |
| Поставување на то линска изолација на ѕид ОУ Петар Петровиќ Његош | 13.89 | 2.830.320,00 | 1.698.120,00 | 1.132.128,00 | | | | | |
| Поставување на то линска изолација на ѕид ОУ Стив Наумов | 11.44 | 765.000,00 | 612.000,00 | 153.000,00 | | | | | |
| Поставување на то линска изолација на ѕид ОУ Крум Тошев | 29.9 | 390.973,00 | 390.973,00 | | | | | | |
| Поставување на то линска изолација на ѕид ОУ Наум Наумовски - Борче | 11.89 | 767.550,00 | 614.040,00 | 153.510,00 | | | | | |
| Поставување на то линска изолација на ѕид ОУ Наум Охридски | 24.12 | 162.970,00 | 162.970,00 | | | | | | |
| **В упна инвестиција на прое тот:** | | **4.916.813,00** | **3.478.103,00** | **1.438.638,00** | | | | | |

[1] Како о равило, роектот со одреден ериод на ис лата треба да има заем со 30-50% одолга от лата за да ги остигне саканите заштеди и да ги ис лати земените кредити (во зависност од удделот на о штината).

## ВРЕМЕНСКА РАМКА ЗА ИМПЛЕМЕНТИРАЊЕ НА ПРОЕКТИТЕ ЗА ЕНЕРГЕТСКА ЕФИКАСНОСТ И ОДГОВОРНИ СТРАНИ

**Табела 7: Имплементација на ЕЕ прое  ти в  лучени во А  циониот План**

| Број | Прое  ти за ЕЕ | Опис | А  тивности на имплементацијата | Период на имплементација | Одговорно лице |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Поставување на то  линска изолација на ѕид | Поставување на то  линска изолација на ѕид ОУ Петар Петровиќ Његош | Јавни набавки, Изработка на   роект и Изведба | 9 месеци | Директор на ОУ Петар Петровиќ Његош |
| 2 | Поставување на то  линска изолација на ѕид | Поставување на то  линска изолација на ѕид ОУ Стив Наумов | Јавни набавки, Изработка на   роект и Изведба | 9 месеци | Директор на ОУ ОУ Стив Наумов |
| 3 | Поставување на то  линска изолација на ѕид | Поставување на то  линска изолација на ѕид ОУ Стив Наумов | Јавни набавки, Изработка на   роект и Изведба | 9 месеци | Директор на ОУ Стив Наумов |
| 4 | Поставување на то  линска изолација на ѕид | Поставување на то  линска изолација на ѕид ОУ Наум Наумовски - Борче | Јавни набавки, Изработка на   роект и Изведба | 9 месеци | Директор на ОУ Наум Наумовски - Борче |
| 5 | Поставување на то  линска изолација на ѕид | Поставување на то  линска изолација на ѕид ОУ Наум Охридски | Јавни набавки, Изработка на   роект и Изведба | 9 месеци | Директор на ОУ Наум Охридски |

**СЛЕДЕЊЕ И МОНИТОРИНГ НА ИМПЛЕМЕНТАЦИЈАТА НА ПРОГРАМАТА ЗА ЕНЕРГЕТСКА ЕФИКАСНОСТ**

**Редовен мониторинг на Програмата за енергетс а ефи асност и напредо от на а тивностите а о и оценување на нивното влијание**

Редовниот мониторинг е клучен елемент на роцесот на с роведување на Акциониот План. Мониторингот и евалуацијата (М&Е) може да о фатат различни фази и ас екти од роцесот. Тоа обично за очнува од самиот очеток и родолжува во текот на им лементацијата на ланот. Строго се ре орачува мониторингот и евалуацијата (М&Е) да родолжи и осле временската рамка на Акциониот План, со цел како би можело да се создадат долгорочни влијанија врз локалната економија, енергетскиот сектор, животната средина и човековото однесување.

*<Ве молиме опишете го распоредот и праксата за мониторинг во текот на спроведувањето на овој АП>*

**Периодични извештаи за резултатите до политич ите власти**

**Табела 8: Информации за имплементирањето на програмата од претходната година**

| Прое т за Енергетс а ефи асност | Детален опис на прое тот | Евалуација на имплементираниот прое т | Статус на Прое тот во постоеч иот АП |
|---|---|---|---|
| Замена на розорци во ООУ Стив Наумов | | *Проектот се спроведува во согласност со АП.* | *Постигната* |
| Замена на розорци во ООУ Наум Наумовски Борче | | *Проектот се спроведува во согласност со АП.* | *Постигната* |
| Замена на розорци во ЈУДГ Детска Радост Калинка и Темјанушка | | *Проектот се спроведува во согласност со АП.* | *Постигната* |
| Замена на розорци ЈУДГ 25 Мај Детелинка | | *Проектот се спроведува во согласност со АП.* | *Постигната* |
| Замена на кровна конструкција во ООУ Крум Тошев | | *Проектот не се спроведува.* | *одложена* |
| Замена на кровна конструкција во ООУ Његош | | *Проектот се спроведува во согласност со АП.* | *Постигната* |
| Поставување на термнофасада во ООУ Дане Кра чев | | *Проектот се спроведува во согласност со АП.* | *Постигната* |
| Поставување на термнофасада во ООУ Кирил и Методија | | *Проектот се спроведува во согласност со АП.* | *Постигната* |
| Поставување на термнофасада во ЈУДГ Детска Радост | | *Проектот не се спроведува.* | *одложена* |
| Реновирање на омошни ростории во ООУ 25 Мај | | *Проектот се спроведува во согласност со АП.* | *Постигната* |
| Реновирање на омошни ростории во ООУ Наум Наумовски Борче | | *Проектот се спроведува во согласност со АП.* | *Постигната* |
| Реновирање на тоалети во ЈУДГ Детска Радост , Сончоглед | | *Проектот се спроведува во согласност со АП.* | *Постигната* |
| Поставување на нови линии за улично осветлување | | *Проектот се спроведува во согласност со АП.* | *Постигната* |
| Замена на улични светилки | | *Проектот се спроведува во согласност со АП.* | *Постигната* |

| | | | |
|---|---|---|---|

### Периодични надградби на ПЕЕ во согласност со забелеш ите и добиените резултати

Како дел од роцесот на континуирано следење, им лементираните роекти можат да се оценат реку нивното влијание врз отрошувачката на енергија и намалување на емисиите на CO2. Врз основа на резултатите и набљудуваните роблеми, доколку воо што има некој, може да се ревземат до олнителни корективни и ревентивни мерки и активности.

Резултатите од мониторинг и евалуација (M&E) може да доведат до ромена и надградба на Програмата за енергетска ефикасност која може да биде внесена во наредниот годишен Акционен План.

Ажурираната ПЕЕ ќе ослужи како основа за развој на Акциониот лан за наредната година

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13 и 12/14), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

## Р Е Ш Е Н И Е

### ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ОСЛОБОДУВАЊЕ ОД ПЛАЌАЊЕ НА НАДОМЕСТОКОТ ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ, ЗА ИЗГРАДБА НА ОБЈЕКТ СО НАМЕНА В4 - ОРГАН НА ЛОКАЛНА САМОУПРАВА НА ТЕРИТОРИЈА НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА

1. Се објавува Одлуката за ослободување од плаќање на надоместокот за уредување на градежно земјиште, за изградба на објект со намена В4 - Орган на локална самоуправа на територија на Општина Гази Баба, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на ден 24.04.2019 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08-1882/5**
**од 30.04.2019 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Борис Георгиевски, с.р.**

Врз основа на член 59 став (12) од Законот за градење ("Службен весник на РМ" бр.130/09, 124/10, 18/11, 36/11, 54/11, 13/12, 144/12, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 115/14, 149/14, 187/14, 44/15, 129/15, 217/15, 226/15, 30/16, 31/16, 39/16, 71/16, 132/16, 35/18, 64/18 и 168/18 ), член 36 став (1) точка 15 и член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06 и 12/13), Советот на Општина Гази Баба на Дваесет и третата седница одржана на ден 24.04.2019 година, донесе

**О Д Л У К А**

**ЗА ОСЛОБОДУВАЊЕ ОД ПЛАЌАЊЕ НА НАДОМЕСТОКОТ ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ, ЗА ИЗГРАДБА НА ОБЈЕКТ СО НАМЕНА В4 - ОРГАН НА ЛОКАЛНА САМОУПРАВА НА ТЕРИТОРИЈА НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**

**Член 1**

Се ослободува инвеститорот од плаќање на надоместокот за уредување на градежно земјиште, за изградба на објектот со намена В4 - Орган на локална самоуправа, предвиден на градежната парцела Г.П 2 од ДУП за дел од УЗ Автокоманда, локална самоуправа и дел од комплекс на факултети, Општина Гази Баба - Скопје, донесен од Советот на Општина Гази Баба со одлука бр.07-1891/9 од 29.06.2012 година ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.6/12), за која градежна парцела е одобрен Архитектонско - урбанистички проект со потврда за заверка бр.28-3/3158/26 од 22.11.2018 година и тоа во висина од 100% од делот што и припаѓа на Општина Гази Баба по основ на уредување на градежното земјиште.

**Член 2**

Ослободувањето од плаќање на надоместокот се однесува за:

- вкупно предвидената површина за градење за изградба на објектот означен како зграда 2.1 и зграда 2.2 од одобрениот Архитектонско - урбанистички проект со потврда за заверка бр.28-3/3158/26 од 22.11.2018 година

**Член 3**

Ослободувањето од плаќањето на надоместокот за уредување на градежно земјиште, се однесува на инвеститорот со кој ќе биде склучен Договор за отттуѓување на градежно земјиште во државна сопственост, по претходно спроведена постапка за оттуѓување на градежно земјиште по пат на јавно наддавање согласно Законот за градежно земјиште, како и на инвеститорот Општина Гази Баба која ќе се јави како инвеститор на објектот означен како зграда 2.1.

**Член 4**

Со денот на влегувањето во сила на оваа одлука престанува да важи Одлуката за одлободување од плаќање на надоместокот за уредување на градежно земјиште за изградба на деловен комплекс и административен објект на Општина Гази Баба, бр.07-1830/23 од 31.05.2013 година ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.7/13).

**Член 5**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 09-1748/7**
**од 24.04.2019 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Тони Бојковски, с.р.**

# СОДРЖИНА


**ОДЛУКА** за давање согласност за отворање на една воспитно - образовна група на деца на возраст од 9 - 24 месеци (јасли), во објектот "Морковче" на ЈУДГ "25 Мај" - Општина Гази Баба - Скопје . . . . . 4

**ОДЛУКА** за давање согласност на Одлуката за усвојување на тримесечниот финансиски извештај за работа и резултатите од работењето на ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје, за првото тримесечје од 2019 година . . . . . 6

**БУЏЕТСКИ КАЛЕНДАР** за изготвување на Буџетот на Општина Гази Баба за 2020 година . . . . . 8

**АКЦИОНЕН ПЛАН** за енергетска ефикасност на Општина Гази Баба за 2019 година . . . . . 11

**ОДЛУКА** за ослободување од плаќање на надоместокот за уредување на градежно земјиште, за изградба на објект со намена В4 - Орган на локална самоуправа на територија на Општина Гази Баба . . . . . 29



**"Службен гласник на Општина Гази Баба" бр. 06/19**
**23 седница**

Издавач: Општина Гази Баба | главен и одговорен уредник: Васко Апостоловски
ул. Архимедова бр.2 - Скопје | тел: 3 22 28 76, 3 22 56 55 | тираж:10 примероци